До Деканатот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ –Скопје

На 84. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје одржана на 15.02.2023 година, а врз основа на член 110 и 163 од Законот за високо образование, член 53 од Правилникот за посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ беше донесена Одлука за утврдување на потреба од демонстратор за студиска програма по англиски јазик и книжевност по предметот Англиска книжевност 2 (поезија) (0+2) во летниот семестар во академската 2022/2023 година, а едновремено, на предлог на Катедрата за англиски јазик и книжевност, се формира и се одобри и комисија за избор во состав:

1. Проф. д-р Калина Малеска
2. Проф. д-р Рајна Кошка Хот
3. Проф. д-р Милан Дамјаноски

На интерниот оглас распишан од деканот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ за избор на еден демонстратор за студиска програма по англиски јазик и книжевност по предметот Англиска книжевност 2 (поезија) (0+2) во зимскиот семестар во академската 2021/2022 во предвидениот рок се пријави еден кандидат: Душица Лазова.

Откако членовите на комисијата ја разгледаа приложената документација на кандидатката Душица Лазова, на Наставно-научниот совет го поднесуваат следниов извештај:

## И З В Е Ш Т А Ј

Врз основа на горенаведените законски одредби (Законот за високо образование и Правилникот за посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“), откако ги разгледа поднесените документи од кандидатката Душица Лазова пријавена на интерниот конкурс, комисијата заклучи дека таа ги исполнува сите наведени посебни услови и критериуми.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
С К О П Ј Е

| Примено: 07-03-2023 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 881/5 | | |

Кандидатката Душица Лазова е редовен студент на втор циклус студии – Наука за книжевност и културолошки студии - Англиска книжевност и културолошки студии.

Претходно, со завршувањето на првиот циклус академски студии по англиски јазик и книжевност (наставна насока) се стекна со назив: Дипломиран професор по англиски јазик и книжевност. Дипломирала во септември, 2019 година со висока просечна оценка 9,98 за што, во знак на признание за постигнат висок успех во студирањето, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ ѝ додели пофалница, а во уч. 2020/21 година се запишала на втор циклус студии, што укажува на интересот на кандидатката за академско надградување и напредување.

За време на студирањето на додипломските студии, Душица Лазова се истакнува и со активности надвор од часовите кои придонесуваат кон зајакнување на научната работа на факултетот. Така, таа учествувала како волонтер во дел од организациските активности на меѓународната конференција ESIDRP одржана 2016 година во организација на Катедрата за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје. Исто така, учествувала и како волонтер и на Струшките вечери на поезијата во 2019 година.

Нејзиното искуство и надградба во наставата ја прават релевантен кандидат за демонстраторка. Имено, во периодот од 2017 до 2019 година работела како наставничка по англиски јазик последователно во следните училишта за странски јазици „Лингвалинк”, Скопје, Центар за странски јазици, Скопје и „Да Научиме”, Скопје. Лазова има искуство и со држење часови на прв циклус студии, и тоа од областите пишување и книжевност. Во летниот семестар во 2021 година, таа била ангажирана како демонстраторка на Катедрата за англиски јазик и книжевност по предметите САЈ 4 (Пишување) и САЈ 6 (Пишување), додека во зимскиот семестар 2021 година, држела вежби по предметот Англиска книжевност 1 (поезија). Во летниот семестар во академската 2021-22 година, била ангажирана да ги држи вежбите по предметот Англиска книжевност 2 (поезија), додека во зимскиот семестар 2022-23 година, држела вежби по предметот Англиска книжевност 1 (поезија).

Во рамките на своето професионално надградување, таа е дел од Еразмус проектот „Заедно со феминизмот”, организиран во мај 2019 г.во Малага, Шпанија. Има учествувано на повеќе обуки и работилници во 2019 и 2020 г., како што се работилницата за анализа на

дискурс организирана од Фестивалот за критичка култура (2019, КРИК/CRIC - Festival of Critical Culture, предавачи проф. д-р Мира Бекар и Викторија Костадинова); Интернационална пролетна школа за психолингвистика, невролингвистика и клиничка лингвистика, Филозофски факултет на Универзитетот во Нови Сад (мај, 2019); Oxford Professional Development Days 2019, Семинар со Гарет Дејвис, обучувач на наставници, Хотел Холидеј Ин, Скопје; Интердисциплинарна работилница за уметничка критика, Музеј на современа уметност, Скопје (декември, 2019). Во 2020 година, таа учествува и на конференцијата „Преминувајќи ги границите" – Единаесета конференција на катедрата за англиски, американски и канадски студии на Универзитетот Масарик, во Брно, Чешка каде што има излагање на тема „Животни кои зборуваат: животинското царство во поезијата на Тед Хјуз". Освен тоа, како дел од поширока академска наобразба, Душица Лазова ја посетува Школата за род, сексуалности, култура и политика, организирана од Коалиција Маргини (ноември – декември 2020) , каде што има можност да научи за историјата и контекстите на борбите за родова и сексуална еднаквост како и за различните методологии и критички алатки развиени во рамки на родовите, феминистичките и квир студиите.

Душица Лазова е ангажирана како уредничка и фриленс авторка на онлајн платформата Writer & Co. Нејзиниот работен ангажман опфаќа пишување статии, прирачници, видео нарација, преглед на панел дискусии и слично врз основа на претходно направено истражување. Конечно, во поседниот период Лазова е уредничка, авторка и преведувачка на Феминистичка онлајн платформа Медуза.мк. Треба да се истакне и нејзиниот преведувачки труд, кој директно произлегува од нејзиниот интерес за книжевноста, поезија и новите критички теории. Има преведувано текстови, видео-материјали и каталози за феминистичката организација Tiiiit! Inc., културниот фетивал Skopje Pride Weekend, организацијата Локомотива, фестивалот на документарни филмови „Македокс" и фондацијата Хајнрих Бол. Лазова објавува и свои авторски текстови и трудови за онлајн платформата Медуза.мк,помеѓу кои се истакнуваат: „Родителската поддршка: мост помеѓу хетеро и квир луѓето" (мај 2021), „Како да ги украдеме женските митски ликови", "Кога личното станува теоретско: кон романот „Аргонаутите" на Маги Нелсон" и „Како да се подготвите за апокалипсата: кон романот „Време" на Џени Офил."
*Во Отаде издржливоста, Феминистичка платформа Медуза, прво издание, стр. 60-61.*

Имајќи ги предвид наведените академски, стручни, професионални и апликативни активности и квалификации на кандидатката Душица Лазова, вложениот труд во стручна надградба и високата просечна оценка на додипломските студии коишто укажуваат на професионален однос и одговорност, комисијата констатира дека Душица Лазова ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високо образование и Правилникот за посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и затоа има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја избере кандидатката Дупица Лазова за демонстратор по предметот Англиска книжевност 2 (поезија) на Катедрата за англиски јазик и книжевност во летниот семестар од академската 2022/2023 година.

Комисија за избор на демонстратор:

Проф. д-р Калина Малеска

Проф. д-р Рајна Кошка-Хот

Проф.д-р Милан Дамјаноски